РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Бр.04-646/11
09/03/2026 година

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ бр. 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл.весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 , 208/24 и 210/24), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 09.03.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по интерен оглас бр.01/2026**

1. За извршител на работното место **Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси во Одделение за управување со човечки ресурси, шифра УПР0101Б04000, 1(еден) извршител,**, се избира кандидатката **Сузана Петровска**.

2. Именуваната ќе биде распоредена на работното место од став 1 на оваа Одлука, по конечноста на Одлуката.

***О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е***

На ден 24.02.2026 година на интернет страниците на Општина Делчево и Агенцијата за администрација на РСМ, објавен е Интерен оглас бр.01/2026 за унапредување на административен службеник во Општина Делчево.

Со Решение бр. 04 – 646/7 од 02.03.2026 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по Интерен оглас бр.01/2026, која спроведе постапка за селекција на кандидат за унапредување на административен службеник.

По спроведената административна селекција на ден 06.03.2026 година, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник изготви Записник од административна селекција за интерен оглас 1/2026, со архивски бр. 04-646/8 . На ден 06.03.2026 година од страна на Градоначалникот на Општина Делчево, спроведено е Интервју со уредно пријавениот кандидат и изготвен Записник со бр.04-646/9. Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас бр.01/2026, изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат , со архивски бр.04-646/10 од 06.03.2026 година.

Врз основа на погоренаведеното , Градоначалникот на Општина Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука може да се изјави Жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата на општина Делчево.

Изработил: В.Ангеловски

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Иван Гоцевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО